МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# Прилагодена наставна програма за прво до петто одделение

за образование на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование

Скопје, 2020

# ВОВЕД

Според Законот за основно образование, децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, имаат право на основно образование под еднакви услови, како и останатите деца.

Проверката на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, ја врши училиштето пред нивното вклучување во воспитно-образовниотпроцес, со инструменти утврдени од Бирото за развој на образованието. По извршената проверка на нивното знаење, се издава потврда со која детето се запишува во соодветното одделение на основно образование.

По запишувањето на детето кое не било вклучено во наставата, а е со надмината возрасна граница, наставникот, според покажаните резултати при проверката на знаењата, изготвува индивидуализирана програма за работа со ученикот за секој наставен предмет одделно. За секој наставен предмет е изработена прилагодена наставна програма по развојни периоди и одделенија во кои се дадени резултатите од учењето, структурирани по тематски области, а имајќи ја предвид спиралноста на наставните програми. Прегледот и бројот на темите е во рамките на она што задолжително се очекува учениците да го знаат по конкретниот предмет во секое одделение. Избраните теми/програмски подрачја се особено важни за да се обезбеди континуитет во учењето и непречено продолжување и надоградување на знаењата по сите наставни предмети: *македонски јазик, математика, природни науки, општество, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, техничко образование, работа со комјутер и основи на програмирање, англиски јазик и творештво (изборен предмет).*

Прилагодената наставна програма за децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование се реализира континуирано во текот на годината, со динамика која е прилагодена на потребите на ученикот и степенот на напредување.

| | |
|---|---|
| **Назив на прилагодената наставна програма** | **Прилагодената наставна програма** за образование на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование. |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна (за образование на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование) |
| **Одделение** | Поддршката по предметите се реализира во согласност со возраста и согледувањата по извршената проверка на нивното знаење што се проверува со инструменти утврдени од Бирото за развој на образованието. |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | Бројот на часови за поддршка по одредени предмети се определува според степенот на дијагностицираните знаења добиени со проверка со соодветни инструменти. |
| **Компоненти на прилагодената наставна програма** | Задолжителни теми од наставниот предмет |

| | |
|---|---|
| **Материјално-технички и просторни услови** | Наставата се организира во училница каде се обезбедени соодветни услови за работа пропишани според Норматив донесен од министерот за образование и наука |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата ја реализираат наставници согласно нормативот определен во редовните наставни програми по македонски јазик, македонски јазик за учениците од другите заедници, математика, англиски јазик, ликовно образование, музичко образование, природни науки, техничко образование, работа со компјутери и основи на програмирањето, општество, физичко и здравствено образование и творештво. |

# Македонски јазик

| Програмско подрачје: Слушање и говорење | Програмско подрачје: Јазик Граматика | | Програмско подрачје: Јазик | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Го користи говорот како средство за нови контакти и меѓусебно разбирање | Разликува глас и шум. Правилно ги изговара гласовите во зборот и зборовите во реченицата. | Правилно составува реченица и правилно ги подредува зборовите во реченицата. | Умее да ги увиди особеностите на народните говори наспроти стандардниот јазик. | Го разбира јазикот како систем на знаци. |
| Го користи говорот како средство за изразување на своите мисли, чувства и доживувања. | Умее да состави реченица. Правилно ги подредува зборовите во реченицата. | Разликува и правилно употребува расказна, прашална и извична реченица. | Го препознава и разликува усниот од писмениот говор. | Ги разликува согласките по звучност. |
| Умее да воспостави културен однос со опкружувањето во насока на тоа:<br>- лично да се обрати кон другите луѓе;<br>- да го приспособи говорот во одредена ситуација;<br>- културно се однесува кон другите луѓе. | Разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно ги употребува. | Разликува потврдна и одречна реченица. | Го знае поимот за самогласки и согласки и истите ги разликува. | Знае за збирни именки.<br>Правилно ги употребува збирните именки во говорот.<br>Ги разликува збирните именки од другите видови именки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Умее да се ослободи од чувството на страв, напнатост и несигурност. | Именува лица, суштества, растенија, предмети и појави.<br>Го усвојува поимот за именка и ги препознава имињата на луѓето, предметите, растенијата и животните во реченицата. | Ги препознава помалите делови на реченицата (збор, слог и глас). | Го дели зборот на слогови. | Знае што се присвојни и бројни придавки.<br>Ги разликува присвојните и бројните придавки во текстот. |
| Правилно и разбирливо говори, со умерено темпо и јачина на гласот. | Правилно ги изговара и ги пишува со букви броевите до 20. | Ги утврдува знаењата за именките.<br>Знае за општи и сопствени именки.<br>Ги препознава општите и сопствените именки во реченица. | Го знае поимот за конкретни и апстрактни именки. | Усвоен е поимот за показни заменки. |
| Културно и рационално го користи телефонот за разговор. | Ги дели зборовите на слогови со употреба на цртичка. | Разликува род и број кај именките. | Разликува и правилно го применува родот кај именките во усниот и писмениот говор. | Определува глаголско време (за сегашност, минатост и идност).<br>Ги разликува формите на глаголите за сегашност, минатост и идност. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Го слуша и разбира говорот на другите. | Ги разликува гласовите и правилно ги употребува. | Знае за придавките како зборови кои стојат до именките и ги објаснуваат. | Го разликува и правилно го применува бројот кај именките во усниот и писмениот говор. | Усвоен е поимот за проста реченица.<br><br>Ги препознава простите реченици во текстот.<br><br>Ги разликува простите реченици од другите реченици (сложените) во текстот. |
| Ги користи невербалните начини на изразување (гестикулација, мимика, движење). | Правилно употребува голема буква. | Знае за поим за прости и редни броеви и ги разликува едните од другите. | Знае за описни придавки и правилно ги применува во усниот и писмениот говор. | Ги разликува сложените реченици од простите реченици.<br><br>Составува сложени реченици. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Го поврзува невербалното со вербалното изразување. | Ги применува интерпункциските знаци при пишување. | Знае дека глагол е збор кој означува работа, дејство, состојба. | Знае за заменка како збор кој заменува лице. | Ги препознава хомонимите во реченицата.<br><br>Ги препознава деминутивите во реченица.<br><br>Ги препознава аугментативите во реченица.<br><br>Правилно ги применува хомонимите, деминутивите и аугментативите во говорот. |
| Поставува прашања поврзани со одредена тема, приказна, слика и сл. | | Правилно употребува голема буква при пишување на сопствените имиња и презимиња, географски поими и празниците. | Употребува глаголи искажани во сегашно, минато и идно време. | Знае што е директен говор.<br><br>Знае што е индиректен говор.<br><br>Прераскажува со помош на индиректен говор. |
| Дава соодветен одговор на поставено прашање. | | Знае за функцијата на интерпункциските знаци и правилно ги применува при литање и пишување. | Знае за поим за приближна бројност и јаупотребува во усниот и писмениот говор. | Правилно ги употребува интерпункциските знаци за директен говор. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разликува и користи различни видови реченици. | | | Објаснува што е подмет и прирок во реченица. | Правилно применува скратеници во текст. |
| Користи зборови што означуваат  имиња на предмети, појави, дејства, состојби, лица. | | | Разликува подмет и прирок во реченица. | |
| Разбира и користи нови зборови. | | | Го збогатува речникот со зборови што имаат исто или слично значење. | |
| Групира зборови според конкретно својство. | | | Го збогатува речникот со зборови што имаат спротивно значење. | |
| Препознава и имитира гласови и звуци според различни карактеристики (поспан, бавен, налутен, глас, машки, детески, женски глас, звуци предизвикани од природата и сл.) | | | Ги знае правописните правила за пренесување на дел од зборот од еден во друг ред. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разликува и правилно изговара гласови во различна местоположба во зборот: на почетокот, на средината и на крајот на зборот. | | | Ги употребува наводниците за изделување на имиња на институции, улици, списанија и книги во реченица. | |
| Правилно дише и правилно го држи телото кога говори. | | | Ги знае правописните правила за пишување на сопствените именки за слоѓени географски имиња, институции, адреси, списанија, празници и др., | |
| | | | Правилно пишува приближна бројност и повеќецифрени броеци со зборови. | |
| **Програмско подрачје: Литература** | | **Програмско подрачје: Читање, литература и лектира** | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Разликува различна литература за деца: приказна, басна, бајка, стихотворба и драмски текст. | Воочува и препознава наслов.<br><br>Разликува текст, илустрација и автор.<br><br>Ги пронаѓа страниците во читанката. | Умее правилно гласно да чита. | Изразно чита уметнички и научни-популарни текстови на свете писма. | Изразно чита уметнички текстови.<br><br>Чита текст по улоги.<br><br>Изведува драмска игра. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разликува творби од македонското народно творештво и народното творештво од друлите култури. | Умее изразно да чита.<br><br>Разликува видови текстови: проза, поезија (песна, стихотворба), драмски текст, поговорки, гатанки, брзозборки). | Изразно чита со почитување на интерпункциските знаци (правилна артикулација на гласовите, зборовите и речениците, интонација, дикција, темпо и паузи при читањето). | Чита текст по улоги. | Го знае поимот за расказ.<br><br>Го знае поимот за басна.<br><br>Го знае поимот за детски роман.<br><br>Го разликува говорот на писателот од говорот на ликовите.<br><br>Умее да открие за што станува збор во текстот. |
| Ја слуша, разбира и доживува содржината и пораката на литературните творби | Чита по улоги и ја воочува темата и пораката на текстот. | Чита во себе со разбирање на текстот. | Врши анализа на текст.<br><br>Самостојно прави план за анализа на текст.<br><br>Определува место и време на настан.<br><br>Опишува лик со неговите надворешни особини. | Анализира епска и лирска песна.<br><br>Пронаоѓа патриотски чувства во песната.<br><br>Пронаоѓа хумористични елементи во песна. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги открива и доживува елементите од литературните творби (простор, време, настани и ликови).<br><br>Знае што се: писател, печатница и книжарница | Ги воочува настаните (случките) и ликовите. | Оспособен е за драмско читање (со имитирање на говорот на ликовите во текстот). | Открива поетска слика во лирска песна.<br><br>Ја препознава споредбата како изразно средство.<br><br>Ги открива сопствените чувства при читање лирски песни. | Чита наслови на дела од македонската и светската литература.<br><br>Одговара и поставува прашања во врска со прочитаниот текст.<br><br>Умее аргументирано да говори за ликовиите и настаните во текст.<br><br>Врши локализација на настаните по време и простор. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Разликува и доживува различна поезија за деца: стихотворба, гатанка и брзозборка. | Чита поезија и ги препознава строфите во песната (стихотворбата). | Го воочува редоследот на настаните во текстовите.<br><br>Самостојно ја определува содржинската структура (план на текстот).<br><br>Самостојно ги определува главните и споредните ликови.<br><br>Ги определува особините на ликовите и ги опишува. | Самостојно чита дела од од македонската и светската литература.<br><br>Ја открива тематско-идејната основа во делото.<br><br>Одговара и поставува прашања во врска со прочитаниот текст.<br><br>Умее аргументирано да говори за ликовите и настаните во текстот.<br><br>Врши локализација на настаните по време и простор. | |
| Помни и интерпретира стихотворба, гатанка. | Чита разбирливо, со почитување на употребените интерпункциски знаци.<br><br>Го прилагодува гласот кон природата на содржината на текстот.<br>Ги акцентира правилно зборовите во реченицата. | Знае за поговорките и гатанките како народни мудрости.<br><br>Разликува поговорки и гатанки од останатите текстови. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Го знае процесот на создавање литературна тборба. | Знае да чита во себе. | Разликува песна (стихотворба) од другите видови текствови (проза и драмски текст).<br><br>Разликува стих од строфа.<br><br>Знае што е рима. | | |
| Го знае знашењето на сликовниците, книгите, енциклопедиите како извори на учење | Самостојно ја чита содржината на лектирите и одговара на прашања во врска со содржината. | Самостојно чита лектира.<br><br>Забележува непознати зборови, изрази, убави реченици.<br><br>Знае за биографските податоци на авторот.<br><br>Умее да одговара и да поставува прашања во врска со содржината на текстот.<br><br>Ја открива тематско-идејната основа на текст (за што станува збор во книгата и што кажува текстот. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Ги анализира ликовите од лектира (главни и и нивните особини и опис). | | |
| Има интерес за книгата како извор на учење. | | | | |
| **Програмско подрачје: Изразување и творење** | | | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Умее да опишува, раскажува и прераскажува. | Умее да слуша говор и учествува во разговор на определена тема. | Прераскажува куси содржини. | Составува прашања по дадени одговори. | Усно прераскажува настан слушнат од друго лице. |
| Раскажува настани по сеќавање. | Прераскажува обработени куси содржини (слободно и со помош на прашања). | Раскажува видени, доживеани настани, настани според слики и според дадени зборови. | Самостојно прераскажува текстови по даден план. | Прераскажува текст со уметничка и научно-популарна содржина. |
| Опишува предмети и појави и во момент кога тие не се присутни. | Раскажува по низа слики, зададени зборови и по доживеан настан. | Опишува предмети, суштества, содржини од слики. | Самостојно раскажува за сопствени доживувања од посета на установа (по даден план). | Опширно прераскажува обработен текст. |
| Ги знае традиционалните говорни игри (бројалки, загатки и игри со зборови). | Опишува карактеристики преку набљудување на растенија, предмети и животни. | Умее да известува за слушнат или доживеан настан. | Самостоно опишува театарски костими, сцена од гледана претстава, ликови. | Раскажува за настан од сопствено доживување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Умее да твори (своја гатанка, шега, необичен израз, куса стихотворба). | Рецитира песна (стихотворба).<br>Драматизира песна во дијалошка форма. | Умее да го осмисли крајот на расказ по даден почеток. | Известува за актуелни настани и доживувања од екскурзии, посета на институции. | Раскажува по дадени тематски зборови. |
| Развива фантазија преку создавање на свои идеи и оргинални решенија. | Писмено прераскажува кус текст (содржина од ТВ).<br><br>Писмено раскажува доживеан настан.<br><br>Писмено опишува лица, предмети, животни и растенија. | Раскажува усно на тема по сопствен избор. | Препишува кратки текстови или делови од текстови (од латиница на латиница, од кирилица на латиница, од латиница на кирилица). | Умее детално да опише предмет, лик, слика. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пишува честитки по повод одредени празници, роденден и сл. | Правилно препишува реченици и кратки текстови.<br><br>Писмено прераскажува содржина од обработен текст.<br><br>Писмено раскажува доживувања логички поврзано со правилни и јасни реченици.<br><br>Писмено опишува по даден план.<br><br>Пишува состав, честитка и разгледница. | Препишува текстови со замена на именки, придавки и глаголи со синонимно и антонимно значење. | Составува писмен текст по зададена тема. |
| | | Изведува драмски текст со избор на улоги. | Прераскажува обработен текст со менување на крајот од текстот – раскажување по даден почеток. | |
| | | | Одговара писмено на прашања од обработен текст. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Раскажува доживеан настан.<br><br>Опишува по даден план: театарски костими, сцена од гледана претстава, ликови.<br><br>Самостојно известува за настани и доживувања од екскурзии, посета на институции, производни организации и др.<br><br>Самостојно составува текстови (писмено до непознато другарче). | |
| **Програмско подрачје: Медиумска култура** | | | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Умее да разликува различни видови телевизиски и радио емисии (ТВ – емисија за деца, ТВ – анимиран филм, ТВ – вести, ТВ – реклами, радиовести, радиоемисија за деца, музичка програма). | Селективно следи телевизиски содржини (ТВ емисии, филм). | Следи радиоемисија и ТВ емисија и разговара за нивната содржина. | Разликува видови радиоемисии. | Го препознава редоследот на настаните во филм и театарска престава. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги знае видовите анимиран филм (куклен и цртан). | Прави разлика помеѓу театарска и куклена претстава, ги воочува основните разлики помеѓу нив и литературното дело. | Следи настани во филм и го раскажува дејството на филмот. | Разликува видови ТВ емисии. | Ги знае поимите за сценографија и костимографија во филм и театарска престава (дали се соодветни со тематиката, дејствата, ликовите и сл.). |
| Разликува филм за деца и серија за деца. | Следи детски печат (весници и списанија). | Следи театарска и куклена претстава и разговара за содржината. | Следи и разликува неколку видови филмови. | Умее да разговара за музиката во филмот и театарските престави (дали е соодветна на настаните и дејството, на што го поттикнува, како ја доживува). |
| Има елементарни знаења за театарот и драмска уметност. | Умее да позајмува книги од библиотека и правилно да се однесува кон нив. | Знае која е улогата на градските библиотеки и стекнува навика за позајмување и враќање книги од нив. | Користи информации од детскиот и дневниот печат. | Да умее да зема книги и списанија од библиотека. |
| Ја знае улогата на библиотеката и има интерес за нејзино користење. | Умее да разговара преку телефон. | Чита, прераскажува и пренесува кратки информации од детскиот и соодветни текстови од дневниот печат. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Знае што се детски списанија. | | Јазнае работата на библиотеките надвор од училиштето. | Умее правилно да користи енциклопедии како извори за стекнување на знаења. | |
| | | Пребарува податоци на Интернет. | | |
| **Програмско подрачје: Подготовка за почетно читање и пишување** | **Програмско подрачје: Почетно читање и пишување** | **Програмско подрачје: Почетно читање и пишување (латиница)** | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Ги знае разликите помеѓу илустрација и текст. | Ги набљудува предметите во улилницата, во училиштето и непосредната околина, ги забележува нивните важни својства и истите ги опишува. | Го знае редот на буквите во азбуката. | | |
| Ги препознава основните елементи на јазикот: реченица, збор и глас. | Одговара со целосна реченица и поставува прашања. | Чита и пишува зборови и текст со печатни букви на латиница. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги воочува карактеристиките на македонскиот писмен јазик (пишување во насока лево кон десно и горе кон долу, постоење на големи и мали букви, воочува дека во текстот постојат целини). | Има усвоено поим за реченица.<br>- Ја знае нејзината содржина и функција.<br>- Има усвоено поим за збор како дел од реченица и збор како име за предмети. | Ги знае малите и големите ракописни латинични букви и ги поврзува во збор. | | |
| Умее да ги координира сите потребни движења во пишувањето (одржува насока во пишувањето, ги усогласува напишаните елементи по големина, еднаков притисок со моливот врз хартијата и сл.) | Има усвоено поим за глас како дел од зборот.<br><br>Го воочува гласот во различни позиции во зборот (иницијална, медијална, финална).<br><br>Павилно ги изговара гласовите. | Пишува зборови и куси реченици со ракописни латинични букви. | | |
| Воспоставува координација око рака. | Умее графички да ги претстави деловите на елементите на буквите. | | | |
| Препознава, односно „чита“зборови што ги гледа најчесто. | Ги препознава симболите на гласовите и ги поврзува во зборови (поим за буквите). | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги препознава големите печатни букви од македонското кирилско писмо. | Пишува печатни букви. | | | |
| Ги знае различните материјали и средства за пишување (хартија, молив и сл.) | Умее да чита зборови и текст. | | | |
| | Ги знае правилото за пишување на голема буква на почетокот на речницата, како и пишување на голема буква кај сопствените имиња. | | | |
| | Ги знае интерпункциските знаци и нивната функција (поим за интерпункциски знаци). | | | |
| | Ги применува интерпункциските знаци при читањето. | | | |
| | Ги знае малите и големите ракописни букви и ги поврзува во збор (поим за ракописни букви). | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пишува зборови и куси реченици. | | | |
| | Дополнува испуштени букви во зборот и збор во реченица. | | | |
| | Самостојно составува и пишува зборови и реченици по дадени слики, предмети и сл. | | | |

**<u>Македонски јазик за учениците од другите заедници</u>**

**<u>кои наставата ја следат на албански и турски јазик</u>**

| | | | **Тематско-комуникациски целини** | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Го разбира значењето на лексичките единици. | Води едноставни белешки за слушната или видена случка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Репродуцира лексички единици и правилно ги употребува во секојдневна комуникација. | Ја разбира содржината на комуникациската целина или содржината на краток текст. |
| | | | | Учествува во кратки дијалози и кратки драматизации. |
| | | | **Слушање** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Невербално да реагира на содржините што ги слуша, со соговорникот да разменува информации во форма на гестови и мимики во знак на согласување, несогласување, тврдење, одрекување, сомневање и сл. | Го поврзува значењето на содржината што ја слуша со: лица, предмети и активности што ги гледа во опкружувањето. |
| | | | Го поврзува виденото со слушнатото. | Го поврзува виденото со слушната содржина. |
| | | | Учествува во комуникацискиот акт како говорен соучесник (соговорник), може да разменува информации со другите говорители, како највисока форма на слушање со разбирање, т.е. на интерактивно слушање. | Одговара на прашања и наредби на македонски јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Го препознава акцентот на зборовите и реченичниот акцент, паузите во реченицата и помеѓу речениците. | Ја имитира интонацијата на прашалните, извичните и заповедните реченици слушнати од наставникот или звучен запис. |
| | | | | Ја разбира содржината на краток текст кој претходно усно е обработен. |
| | | | | Ги воочува разликите во изговорот на гласовите и зборовите на македонскиот јазик во однос на мајчиниот јазик. |
| | | | | Ги препознава видовите реченици според модалната карактеристика (расказни, прашални, извични, заповедни реченици). |
| | | | **Зборување** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Правилно ги изговара македонските гласови, ги акцентира зборовите според правилата на македонскиот стандарден јазик,  интонира правилно куси прости реченици – расказни, прашални и извични. | Вербално да реагира на вербални и невербални ситуации. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Умее да се претстави себеси и да претстави друго лице / други лица. | Поставува едноставни прашања во рамките на обработена тематска целина и одговара на прашања. |
| | | | Поздравува и да отпоздравува (ги употребува вообичаените фрази и реченици на љубезност при запознавање во живо). | Интонира правилно куси прости реченици – расказни, прашални и извични. |
| | | | Именува и прави едноставен опис на околината на училиштето. | Повторува едноставни брзозборки, кратки детски песнички и сл. |
| | | | Ги препознава, ги кажува броевите и брои од еден до десет. | Користи повеќе кратки реченици во низа (3 до 5) за себе претставување, за опис (на предмети, луѓе и сл.) |
| | | | Рецитира и пеекуси детски песни со лесен фонетски склоп – зборови до три слога, слогови со состав согласка+самогласка или согласка+самогласка+согласка, куси стихови и строфи, рима. | Поврзува елементи на приказна со помош на сликовница или апликации. |
| | | | Умее да води кус дијалог, започнува и се вклучува во разговор, поставува и дава одговараи на едноставни прашања. | Правилно ги изговара специфичните гласови од македонскиот јазик во зборови (л, љ, ѓ, ќ и сл). |
| | | | Учествува во кратки драматизации или во симулирани секојдневни ситуации со едноставни реплики. | Учествува во кратки драматизации според дадени насоки. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Повторува кратки реченици со соодветна реченична интонација. |
| | | | **Читање и пишување** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Ги препознава и ги чита на глас печатните букви од македонската кирилична азбука. | Ги препознава и да ги чита наглас ракописните букви од македонската кирилична азбука. |
| | | | Чита реченици со интонација соодветна на интерпункцискиот знак на крајот од реченицата. | Чита со правилна реченична интонација соодветна на интерпункцискиот знак на крајот од реченицата. |
| | | | Одговара на прашања што ќе ги прочита.<br><br>Одговара на усно поставени прашања во врска со прочитан текст.<br><br>Составува прашања според содржината од прочитан текст. | Одговара на прашања што ќе ги прочита.<br><br>Одговара на усно поставени прашања во врска со прочитан текст.<br><br>Составува прашања според содржината од прочитан текст. |
| | | | Може да трансформира прочитани реченици со менување на граматичките форми на реченичните членови. | Разбира едноставни кратки текстови со позната содржина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Ги пишува македонските печатни големи и мали кирилични букви. | Ги пишува македонските ракописни големи и мали кирилични букви. |
| | | | Пишува реченици со правилен финален интерпункциски знак според диктат. | Трансформира прочитани реченици со менување на граматичките форми на реченичните членови. |
| | | | Дополнува празни места во реченици со испуштени делови. | Писмено  одговара на прашања. |
| | | | Пишува реченици, дијалози и друг вид куси текстови, што ги составува според барања на наставникот. | Пишува реченици со правилен финален интерпункциски знак според диктат. |
| | | | Ги пишува  броевите од 1 до 10 со зборови. | Ги пишува броевите од 1 до 20 и десетките до 100 со зборови. |
| | | | | Препишува зборови или краток текст. |

# Математика

| Број | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Броеви и систем на броеви | | | | |
| Прво одделение | Второ одделение | Трето одделение | Четврто одделение | Петто одделение |
| Брои предмети до 20 и го поврзува количеството со соодветниот број | Брои, чита и пишува најмалку до бројот 100. | Чита и пишува броеви до најмалку 1000. | Чита и пишува броеви до 10000. | Чита и пишува броеви до 100 000. |
| Кажува броеви по ред (од 1 до 100, наназад од 20 до 0). | Брои до 100 предмети, на пр: низа со монистри (топчиња). | Брои од 100 до 200 и повеќе. | Брои нанапред и на назад во единици, десетки, стотки и илјадарки до четирицифрени броеви. | Брои напред и назад во константни чекори, продолжувајќи под нулата. |
| Почнува да пишува цифри од 0 до 9.<br><br>Чита и почнува да пишува броеви од 0 до 20. | Брои по еден и по десет од едноцифрени и двоцифрени броеви нанапред и наназад. | Брои нанапред и наназад во чекори по 2, по 3, по 4 и по 5 до најмалку 50. | | |
| Брои по десет од нула до 100 (пр. 10,20,30....100).<br><br>Брои по десет до 100 или нешто над 100, почнувајќи од конкретен едноцифрен број. | Брои по два, по пет и по десет и користи групирање по два, по пет и по десет за да изброи поголема група на предмети до 100. | Го наоѓа местото на трицифрениот број во бројна низа на стотки и десетки. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Користи поими „поголем“ или „помал“ за да спореди два броја до 30 и кажува број што се наоѓа помеѓу нив. | Брои по еден и по десет од едноцифрени и двоцифрени броеви нанапред и наназад. | Брои нанапред и наназад единици, десетки и стотки, двоцифрени и трицифрени броеви. | | |
| Подредува броеви до најмалку 20 на низата на броеви. | Заокружува двоцифрени броеви до најблиската десетка | Знае што претставува секоја цифра во трицифрените броеви и ги разложува на стотки, десетки и единици. | Разбира што претставува секоја цифра во трицифрениот или четирицифрениот број и ги разложува на илјадарки, стотки, десетки и единици. | . |
| Ги знае сите парови на броеви чиј збир е 10 и тоа го поврзува со собирање/одземање.<br><br>Почнува да ги учи паровите броеви чиј збир е 6, 7, 8, 9 и 10 | Искажува броеви помеѓу две полни десетки, на пр: броеви помеѓу 40 и 50. | Одредува за 1, 10, 100 повеќе/помалку од двоцифрени и трицифрени броеви. | Препознава и продолжува бројна низа, чии членови се броеви добиени со броење во константни чекори, продолжувајќи ја низата и под нулата кога брои назад. | Знае што претставу- ва секоја цифра во петцифрен и шест цифрен број.<br><br>Разложува броеви до милион на илјади, стотки, десетки и единици |
| Почнува да брои по 2 и по 10. | Поставува двоцифрен број на бројна низа на која се означени полните десетки. | Одредува за 1, 10, 100 повеќе/помалку од двоцифрени и трицифрени броеви. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Брои по десет до 100 или нешто над 100, почнувајќи од конкретен едноцифрен број. | Препознава и користи редни броеви до најмалку десетти број и повеќе. | Заокружува двоцифрени броеви до најблиската десетка и трицифрени броеви до најблиската стотка. | Заокружува трицифрени и четирицифрени броеви до најблиската десетка или стотка. | Заокружува четирицифрени броеви до најблиската 10, 100 или 1000. |
| Брои по два, почнува да препознава непарни/парни броеви до 20. (пр.2, 4, 6,...или 1, 3, 5,...). | Разбира кои броеви се парни, а кои броеви се непарни и ги препознава до 20. | | Ја разбира месната вредност на десетинките и стотинките во децималните записи, во одреден контекст. | Користи децимални записи со десетинки и стотинки. |
| Прави разумна проценка за некои предмети што можат да се проверат со броење до 30. | Ги знае сите парови на броеви чиј збир е 10 и парови на броеви чиј збир е 20. | | Користи децимални записи со десетинки и стотинки, на пример должина од 125 cm ја запишува во метри. | Разбира што претставува секоја цифра во децимален број. |
| Почнува да ги разложува двоцифрените броеви на десетки и единици и обратно. | Ги наоѓа сите парови од десетки чиј збир е 100 и ги запишува соодветните факти за собирање и одземање, на пр: 30+70=100 и 100- 70=30. | | Умее да го одреди местото на број до 1000 на необележана бројна низа или обележана со десетки и стотки. | Заокружува децимален број со една децимала до најблискиот цел број. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Подредува броеви до 100; споредува два броја користејќи ги знаците „>“ и „<“. | Споредува трицифрени броеви користејќи ги знаците „>“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив. | Споредува парови од трицифрени или четирицифрени броеви, користејќи ги знаците „>“ и „<“ и наоѓа број помеѓу нив. | Подредува и споредува броеви до милион користејќи ги знаците за поголемо и помало. |
| | Прави разумна проценка до 100 предмети, на пр. бирајќи од 10, 20, 50 или 100. | Подредува двоцифени и трицифрени броеви. | Проценува каде припаѓа трицифрениот или четирицифрениот број на необележана бројна низа од 0 до 1000 или на необележана бројна низа од 0 до 10 000. | |
| | Ги препознава и ги учи двојните вредности на сите броеви до 10, како и броевите 15, 20, 25 и 50. | Наоѓа половина од непарните и парните броеви до 40 и ги запишува, како на пр: $13\frac{1}{2}$. | Користи негативни броеви во одреден контекст, на пр: температура. | Подредува и споредува негативни и позитивни броеви на бројната права или на температурна скала.<br><br>Пресметува колкаво е зголемувањето или намалувањето на температурата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Препознава дека една половина се пишува $\frac{1}{2}$, една четвртина $\frac{1}{4}$ и три четвртини $\frac{3}{4}$. | Разбира дека дропките се делови од едно цело и ги запишува, како на пр: $\frac{3}{4}$ е три четвртини, а $\frac{2}{3}$ е две третини. | Препознава мешани броеви, на пр. $1\frac{1}{2}$, $2\frac{1}{4}$, и $5\frac{3}{4}$. | Препознава врска помеѓу дропки. |
| | Препознава дека $\frac{2}{2}$ или $\frac{4}{4}$ прават едно цело и $\frac{1}{2}$ и $\frac{2}{4}$ се еднакви. | Препознава еднаквост помеѓу дропките: $\frac{1}{2}$, $\frac{2}{4}$, $\frac{4}{8}$, $\frac{5}{10}$ користејќи практични активности и дијаграми. | Подредува дропки и мешани броеви на бројна низа, на пр. го користи знаењето дека $\frac{1}{2}$ се наоѓа на половина од $\frac{1}{4}$ и $\frac{3}{4}$ дека $1\frac{1}{2}$ се наоѓа на половина меѓу 1 и 2. | Го разбира процентот како стоти дел од целината и наоѓа проценти од целината. |
| | | Почнува да ги поврзува дропките со делењето на еднакви делови (на пр: делење пица на 4 еднакви дела на 4 лица или делење две јаболка на 4 лица). | Споредува и подредува две или повеќе дропки со ист именител (половини, четвртини, третини, петтини, осмини или десетини) | Изразува половинки, десетинки и стотинки во проценти. |
| | | | Почнува да поврзува правилна дропка со дел од целината или како група од предмети. | Препознава еднаквост помеѓу децимален број и правилна (проста) дропка со именител 2, 4, 10 и 100. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Почнува да разбира едноставни соодноси (размер), на пр: сликата е една петина од големината на вистинско куче. Кучето е долго 25 cm на сликата, значи е долго 5 × 25 cm во реалниот живот. | |
| | | | Препознава еднаквост помеѓу дропките.<br><br>Користи еднаквост за да ги подреди дропките. | Претвора неправилна дропка во мешан број; ги подредува мешаните броеви и го наоѓа нивното место меѓу целите броеви на бројната низа. |
| | | | Ја разбира еднаквоста на децимален број со една децимала со дропка со именител 10. | |
| | | | Ги поврзува дропките со делење. | Ги поврзува дропките со делењето и го користи тоа да најде делови од целината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Наоѓа половини, четвртини, третини, петтини, осмини и десетини на форми и природни броеви. | Користи дропки за да опише и процени едноставен сооднос.<br><br>Користи дропки за да ја опише и утврди вредноста на дел од целото, на пр. прилагодува рецепт за 6 луѓе на еден, за 3 или 12 луѓе. |

| Собирање/одземање | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Го разбира собирањето како броење нанапред и комбинирање на две количини, го препознава собирањето во конкретни ситуации. | Собира четири или пет помали броеви. | Собира и одзема стотки до 1000 (400+600=1000).<br><br>Собира и одзема двоцифрени броеви кои се деливи со 5 до 100 (100-15=85). | Собира или одзема четирицифрен број со полна десетка, стотка или илјада, на пр: 3407 + 20 = 3427. | Одредува збир на повеќе од три двоцифрени или трицифрени броеви, со пишување. |
| Го разбира одземањето како броење наназад и одзема- ње на една количи- на од друга, го препознава одзе- мањето во кон- кретни ситуации. | Го користи знакот „ = “ за да прикаже еднаквост, на пр. 16 + 4 = 17 + 3. | Собира и одзема двоцифрени и трицифрени броеви со 10 и со полни десетки (на пр. 570 – 40 = 530). | Брзо одредува парови двоцифрени броеви чии збир е 100, на пр: 72 + ☐ = 100. | Собира или одзема трицифрен и/или четирицифрен број, со ист број децимали, вклучувајќи суми на пари. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Собира/одзема едноцифрени броеви со броење нанапред/наназад. | Собира/одзема едноцифрен број со/од двоцифрен број. | Собира трицифрени броеви со 100 и со полни стотки (на пр: 460+200=660). | Собира три или четири мали броеви, за да формира парови броеви до 10 или 20. | |
| Ја разбира разликата преку собирање (уште колку треба до...?). | Разбира дека собирањето може да се направи по кој било редослед, но одземањето не. | Го користи знакот „ =“ за прикажување на еднаквост (на пр: 75 + 25 = 95 + 5). | Собира три двоцифрени броеви, содржатели на 10, (собира три полни десетки) на пр. 40 + 70 + 50. | Собира или одзема броеви блиску до содржатели на 10 или на 100. |
| Собира три едноцифрени броеви, при што збирот на два од нив е 10, на пр. 4 + 3 + 6 = 10+ 3. | Собира парови од двоцифрени броеви | Собира трицифрени и двоцифрени броеви со запишување. | Собира трицифрени броеви. | Пресметува разлика помеѓу два броеви блиски (на полна 1000) на некој содржател на 1000. |
| Наоѓа број за два поголем или за два помал од еден број до 20, забележувајќи пресконување во низата на броеви. | Ја препознава примената на симболите како што се: △ или □ а да прикаже непознати броеви, на пр: △ + □ = 10 | Собира/одзема едноцифрени броеви со/од трицифрени броеви. | Одзема броеви, кои се близу до содржатели на 100 (полна стотка ), на пр: 304 – 296 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Го проверува одговорот со собирање на броевите по различен редослед.<br><br>Го проверува одговорот на задача од одземање, со собирање на одговорот и помалиот број. | Решава равенки како на пр: 27 + □ = 30 | Наоѓа за 20, 30,.....90, 100, 200, 300 поголемо/помало од даден трицифрен број. | Одзема едноцифрени броеви од броеви кои малку надминуваат полна стотка, на пр: 304 – 8. | |
| Почнува да ги препознава знаците „+“ , „-“ и „=“ во математички искази што се однесуваат на собирање или одземање. | | Наоѓа непознат собирок при собирање на броеви чиј збир е до 100, со решавање равенки како (на пример: 78 + □ = 100. | Одзема двоцифрени броеви од трицифрени броеви. | |
| Го користи знакот „=“ за прикажување еднаквост. | | | Одзема трицифрени броеви. | |
| Разбира дека промената на редоследот на собироците не го менува збирот. | | | | |
| Собира парови броеви до 20 почнувајќи од поголемиот број со добројување. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Почнува да собира едноцифрен со едноцифрен број и двоцифрен со едноцифрен број до 20. | | | | |
| Почнува да ги користи паровите броеви чиј збир е 10 за собирање/одземање со премин до 20 (пр. за да собере 8 + 3, на 8 додава 2, потоа додава 1). | | | | |
| Ја препознава употребата на знакот на местото на непознат број при собирање/одземање, на пр. 6 + □ = 10;<br>10 - □ = 6 | | | | |

| Множење и делење | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Удвојува кој било едноцифрен број. | Го разбира множењето како собирање на исти собироци и го користи знакот „ · “. | Го разбира односот меѓу преполовување и удвојување. | Множи и дели трицифрени броеви со 10 (решението е цел број со прогресија до децимален број) и го разбира резултатот; почнува да множи и дели броеви со 100. | Множи или дели трицифрен број со едноцифрен. |
| Наоѓа половини од парен број предмети до 10. | | Го разбира резултатот од множењето на двоцифрени броеви со 10. | Препознава содржатели на (броеви деливи со) 5, 10 и 100 до 1000. | Множи двоцифрени броеви. |
| Се обидува да дели броеви до 10 за да утврди кои броеви се парни, а кои непарни. | Го разбира множењето како опишување на низа од броеви. | Го разбира и применува комутативното својство на множењето. | Го разбира и применува комутативното својство на множењето. | Множи децимален број со една децимала со едноцифрен број, на пр. 3,6 ·7. |
| Дели предмети во две еднакви групи. | Го разбира делењето како групирање и го користи знакот „ : “. | Множи едноцифрени броеви и дели дво цифрени броеви со 2, 3, 4, 5, 6, 9 и 10. | Множи едноцифрени броеви | |
| | Знае дека при делењето може да има остаток. | Разбира дека во делењето може да има остаток (на почеток како „вишок“). | Го разбира резултатот од множењето и делењето на трицифрени броеви со 10. | Дели трицифрен со едноцифрен, вклучувајќи и делење со остаток. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Ги удвојува броевите 5, 10, 15,...45, 50 и добиените броеви ги преполовува | Го разбира односот помеѓу множењето и делењето и запишува примери. | Брзо ги удвојува целите броеви до 50, броевите со полна десетка до 500 и броевите со полна стотка до 5000, и ги дели на половина. | Почнува остатокот да го запишува како дропка, при делење на двоцифрен и едноцифрен број. |
| | Удвојува двоцифрени броеви. | Го користи комутативното својство на множењето за да го провери резултатот од множењето, на пр: проверува дека $6 \cdot 4 = 24$ со множење $4 \cdot 6$. | Удвојува двоцифрени броеви. | Одлучува како да го запкружи одговорот после делењето, во зависност од објаснувањето во текстот. |
| | Брои по 3 и 4, какоовед во таблицата за множење и делење со 3 и 4. | Ја знае таблицата за множење со 2, 3, 5 и 10.<br><br>Почнува да ја учи таблицата за множење со 4. | Множи полни десетки од 10 до 90 со едноцифрен број. | Започнува да користи загради за да ги подреди операциите и ги разбира односите помеѓу сите четири операции и како аритметичките закони се применуваат кај множењето. |
| | | Множи броеви од втората десетка со 3 и со 5. | Множи двоцифрен број со едноцифрен број. | Удвојува броеви со полни десетки и полни стотки до 10 000, и ги преполовува. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Почнува со делење на двоцифрени со едноцифрени броеви, чиј количник е малку поголем од 10 (пр. 60 : 5 или 33:3) | Дели двоцифрени броеви со едноцифрени броеви (резултатот да не е поголем од 20). | |
| | | | Разбира дека множењето и делењето се инверзни операции. | |

| Геометрија | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Именува и издвојува едноставни 2Д форми (на пр. кругови, квадрати, правоаголници и триаголници) раз-ликувајќи ги по бројот на страните, по криви или прави линии. Ги користи да направи шеми и модели. | Групира, именува, опишува, замислува и црта 2Д форми (на пр: квадрат, правоаголник, круг, правилен и неправилен петаголник и шестаголник) според нивните својства; препознава 2Д форми во различни положби. | Препознава, опишува и црта 2Д форми вклучувајќи петаголници, шестаголници, осумаголници и полукругови. | Препознава, опишува, претставува, црта и прави некои 2Д и 3Д форми. | Идентификува и ги опишува својствата на триаголниците, и ги класифицира како рамнокрак, рамностран и разностран. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Именува и издвојува едноставни 3Д форми (на пр. коцка, квадар, цилиндар, конус и топка) разликувајќи ги по број на површини и по рамни или заоблени површини. Ги користи за да направи шеми и модели. | Групира, именува, опишува, прави 3Д форми (на пр. коцка, квадар, конус, цилиндар, топка и пирамида) според нивните својства; ги разликува 2Д формите од 3Д формите. | Разликува 2Д форми според бројот на страните, темињата и правите агли. | Разликува многуаголници (вклучувајќи четириаголници), според бројот на прави агли, дали се правилни или неправилни и дали се симетрични. | Претставува 3Д форми од 2Д цртежи и мрежи, на пример, различни мрежи на отворена или затворена коцка. |
| Ги препознава едноставните односи меѓу формите | | Препознава, опишува и прави 3Д форми вклучувајќи пирамиди и призми; истражува како се прави коцка. | Препознава и црта (со слободна рака) линија на симетрија на 2Д форми и шаблони | |
| | | Разликува 3Д форми според бројот и видот на страните, бројот на темињата и рабовите. | Визуализира 3Д предмети од 2Д мрежи, црта и прави мрежи. | |
| | | Поврзува 2Д форми и 3Д формите со цртежи на истите. | Препознава,опишува,претставува,црта и прави 2Д и 3Д форми, вклучувајќи четириаголници, петаголници и осумаголници. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ја препознава основната линија на симетријата. | Наоѓа симетрија кај 2Д форми и ја црта линијата на симетрија | Црта и реализира 2Д форми со рефлесивна симетрија и црта рефлексии на форми (линија на огледало долж една страна). | Препознава и црта (со слободна рака) линија на симетрија на 2Д форми и шаблони. | Наоѓа примери на форми и линии на симетрија во околината и во уметноста. |
| | Наоѓа примери на 2Д и 3Д форми и симетрија во околината. | Препознава 2Д и 3Д форми, линии на симетрија и прави агли во околината. | Наоѓа примери на форми и линии на симетрија во околината и во уметноста. | Создава модели (цртежи) со две линии на симетрија, на пр. на мала табла или на милиметарска хартија. |
| | | Препознава прави агли во 2D форми. | | Препознава нормални и паралелни линии во 2Д форми, цртежи и во околината. |
| | Следи и дава упатства за положба, насока и движење. | | Опишува и препознава положба на квадрат на мрежа на квадратчиња каде што редовите и колоните се обележани со бројки и/ или букви. | Скицира каде ќе биде многуаголникот после пресликувањето, каде линијата на симетрија е паралелна на една од страните, вклучувајќи ја и дијагоналата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Користи вообичае ни изрази за насо ка и далечина, за да ги опише движењата на предметите. | Препознава цело, половина и четвр тина вртење, во насока на движење на стрелките на часовникот и во обратна насока. | Користи соодветни термини за да искаже положба, насока и движење, во насока на стрелките на часовникот и спротивно на насоката на стрелките. | Знае дека аглите се мерат со степени и дека цел круг има 360° или 4 прави агли и дека правиот агол е 90°. | Разбира и користи мерење на аглите во степени, мери агли со точност до 5°; идентификува, опишува и ја проценува големината на аглите и ги класифицира како остар, прав или тап агол. |
| | Препознава дека правиот агол е четвртина заврту вање. | Препознава едноставни односи меѓу формите (на пр: некои дадени форми имаат еднаков број на линии на симетрија). | | Пресметува агли на права линија. |
| | | Препознава прави агли во 2Д форми | Ги споре дува и подредува агли те помали од 180°. | Чита и внесува координати во првиот квадрант. |
| | | Користи квадрат за да нацрта прави агли. | Црта на шема според однапред дадени упатства. | |
| | | Споредува агли со прав агол и препознава дека два прави агли образуваат права. | Препознава едноставни односи меѓу формите,на пр: овие многуаголници се сите правилни бидејќи. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Ја разбира транслацијата како движење по права линија, одредува каде ќе бидат многуаголниците по транслацијата и дава објаснување за транслатираните форми (слики). |

| Мерење | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Ги препознава сите монети. | Ги препознава сите монети и банкноти. | Знае да користи монети и банкноти. | | |
| Пресметува како да се плати точна сума со користење на помали монети. | Користи систем на обележување на пари до 100 денари. | Користи факти за собирање и одземање до 100 за да го пресмета кусурот. | | |
| | Го одредува збирот на монети и банкноти потребни да се плати одреден износ до 100 денари и го пресметува кусурот. | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Има сознанија за релјефот во населбата и околината.<br><br>Умее да ги определува страните на светот во населените места (картографско описменување).<br><br>Може да се ориентира и да ја чита географската карта на својата држава. | Умее да ја одреди местоположбата на нашата татковина на географската карта и на глобусот во регионот и пошироко. |
| **Тема: Сообраќај** | **Тема: Сообраќај** | **Тема: Сообраќај** | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Го знае патот и сообраќајот од домот до училиштето. | Умее правилно и безбедно да се движи. | Има знаења за сообраќајот во околината. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ги знае правилата за безбедно одење по тротоар, за преминување преку улица. | Препознава крстосница и да знае како се преминува. | Знае да ја процени ситуацијата во сообраќајот и безбедно да поминува улица.<br><br>Знае каде се преминува крстосницата (обележана и необележана). | | |
| Познава места каде е дозволено да се игра и како се обележани. | | Прави разлика помеѓу безбедна и небезбедна ситуација во сообраќајот. | | |
| Ги знае и опишува сообраќајните средства кои најчесто ги среќава. | Има поголеми знаења за видовите на сообраќајни средства.<br><br>Воочува сличности и разлики помеѓу различните сообраќајни средства. | Ги познава видовите сообраќај (воден, сувоземен, воздушен), сличностите и разликите меѓу нив.<br><br>Знае сообраќајни средства за секој вид сообраќај и некои професии (возач, машиновозач, пилот, морнар, капетан). | | |
| Знае која е улогата на светлосната сигнализација на семафорот. | Ги препознава и почитува сообраќајните знаци во сообраќајот во реална ситуација. | Ги знае сообраќајните знаци (пешачки премин; деца на патот; стоп; болница; училиште) и ги почитува. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ја разбира улогата на сообраќајниот полицаец во регулирањето на сообраќајот. | | | | |
| Знае дека е потребно почитување на сообраќајните знаци, пешачки премин, преминување преку улица. | | | | |
| | | Умее правилно и културно да се однесува на улица, на пешачки премин, во возила на јавен сообраќај. | | |
| | | | **Тема: Општина** | **Тема: Република Македонија во светот** |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Има сознанија за основните карактеристики на локалната заедница и локалната самоуправа. | Ги познава најзначајните остатоци од материјалното културно наследство на тлото на Република Македонија. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Има сознанија за организацијата на општините како локални заедници.<br><br>Ги препознава главните органи и симболите на локалната заедница. | Објаснува дека е потребно да се чува и негува на културното наследство и така се однесува. |
| | | | Прифаќа дека треба да биде одговорен кон себе и другите. | Го знае значењето со поимите: иселеник, иселеништво, миграција.<br><br>Набројува неколку причини за иселување од Република Македонија.<br><br>Има елементарни сознанија за врските на иселениците со татковината. |
| | | | Го знае поимот демократија.<br><br>Ги прифаќа и почитува различностите меѓу луѓето.<br><br>Ја сфаќа улогата на | Ги разбира  поимите странец и странство.<br><br>Набројува дел од причините за престој на странците во нашата држава. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Знае некои стопански и нестопански дејности во локалната заедница.<br><br>Го знае значењето на комуналните дејности во локалната заедница. | Ги знае најважните институции на ЕУ. |
| | | | Ја сфаќа улогата на институциите на културата во животот на локалната заедница.<br><br>Познава културни институции (домови на културата, кина, театри, КУД, верски објекти). | Може да води разговор за да се запознава со основните проблеми во светот (глобален свет, екологија, енергија). |
| | | | Ги негува традициите во локалната заедница. | Има елементарни знаења за учеството на Република Македонија во разрешувањето на проблемите во светот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Ги препознава најзначајните јавни прашања и проблеми во општината.<br><br>Има сознанија за начините на поставување и решавање на јавните прашања.<br><br>Прифаќа дека е потребна одговорност кон јавните | |

**Физичко и здравствено образование**

| Тема: Запознај се | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Ги зне движењата на своето тело. | | | | |
| Ги покажува моторичките можности на рацете и нозете. | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ја знае својата висина и тежина. | | | | |
| Дугарски се однесува, им помага на другарчињата во откривање на моторичките способности. | | | | |
| Покажува движења што може да направи со своето тело. | | | | |
| Помага, соработува и изразува позитивни емоции во одделението и групата. | | | | |
| **Тема: Вежби за организирано поставување и движење** | | | | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Покажува како моторичко координирано се движи просторот. | Умее да се постави и да се движи во колона по еден и двајца во одење и трчање. | Умее да се постави и да се движи. | | |
| Покажува насочено и контролирано движење во просторот. | Координирано и насоченото се движи во просторот. | Покажува локомоторната способност за движење | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | во сите правци. | | |
| Се вклучува во тимска работа. | Умее да одржува растојание во колона и редица. | Поседува вештините за координирано и симетрично поставување во колона, редица и во движење. | | |
| Им помага на другарчињата за остварување на задачите. | Искажува позитивни емоционални доживувања при моторички активности. | Има перцептивнии просторните способности потребни за движењето во колона и редица. | | |
| Има развиено естетско чувство при поставувањето. | Ги доживува физичките активности како пријатни активности. | Изразува позитивни емоционални доживувања при моторни активности. | | |
| Се групира во помали групи. | | | | |
| Помага, соработува и изразува позитивни емоции во одделението и групата. | | | | |
| **Тема: Вежби за оформување на телото и движењата** | | | **Тема: Вежби и игри за правилен физички развој и подготовка** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Изведува координирано и правилно движења со рацете, нозете и другите | Изведува вежби со рацете, трупот и нозете (правилно и | Изведува вежби со вратот, главата, рацете, трупот и нозете | Изведува вежби и игри за правилен моторички развој. | Користи адекватни комлекси вежби и игри за развивање. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| делови на телото. | координирано). | (правилно и координирано). | | |
| Изведува вежби за симетричен развој а телото. | Правилно изведува вежби за јакнење, лабавење и истегнување. | Изведува вежби за јакнење, лабавење и истегнување | Правилно изведува на вежбите за локомоторниот апарат. | Покажува дека ја одржува и подобрува основната физичка подготовка. |
| Изведува вежби за јакнење на моторичките елементи на локомоторниот апарат. | Естетски ги изведува движењата. | Естетски ги изведува движењата. | Изведува вежби за обликување на  телото. | Правилно  го држи телото. |
| Умее правилно да изведува вежби за истегнување и лабавење на мускулатурата. | Изведува вежби сообразено со определен ритам и темпо. | Изведува вежби сообразено со определен ритам и темпо. | Умее правилно да го држи телото | Се поставува правилно, симетрично и благовремено на часовите. |
| Правилно се поставува и зазема адекватна положба за непречено изведување на вежбите (естетско воспитување). | Ги изведува правилно вежбите во седење, полулежење и лежење на стомак и грб. | Правилно ги изведува вежбите во седење, полулежење и лежење на стомак и грб. | Правилно се поставува во организациони форми. | Покажува вештини за координација на движењата на локомоторниот апарат и координацијата во просторот. |
| Покажува способност во состав на групата за симетрично и адекватно поставување во простор. | | | | Ги има развиено психофизичките вештини: брзина, рамнотежа, еластичност, експлозивност. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Правилно ги изведува вежбите во седење, полулежење и лежење на стомак и грб. | | | Покажува сила, координација на движењата, координација во просторот. | |
| | | | Покажува дека има развиена општа локомоторна способност во просторот. | |
| | | | Умее да соработува. | |
| **Тема: Основи на атлетиката** | | | **Тема: Атлетика** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Развиени се подвижните способности на локомоторниот апарат за правилна изведба на движењата. | Умее правилно да оди и трча | Ги знае техниките на одење, трчање и скокање | Покажува дека ги има совладан елементите од основите на атлетиката: правилно трчање со промени на темпото и правецот, надвлекување, штафетно трчање, совладува правилна изведба на скокања, фрлања, учество во игри. | Умее правилно да трча со правилно движење на рацете и нозете. |
| Покажува дека ги има усовршено природните форми на движења. | Изведува вежби со големите мускулни групи на рамениот | Развиени се големите мускулни групи на рацете, трупот, | Развиени се  големите мускулни групи на рацете, трупот, | Умее да изведе штафетно трчање. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | појас, рацете, трупот и на карлицата и нозете. | карлицата и нозете. | карлицата и нозете | |
| Има развиено психомоторни и скелетната мускулатура поврзана со основите на атлетските документи. | Има чувството за темпо при движење. | Има чувство за ритам: бавен, среден и брз (во одење и трчање). | Развиени се психомоторните способности и подвижноста на локомоторниот апарат. | Способен/а е за брза и навремена реакција. |
| Покажува дека е зајакнат скокалниот зглоб, мускулите на нозете и на карлицата и агилноста. | Ги има развиено способностите на вестибуларниот апарат, одржува рамнотежа при движењето во саканиот правец. | Развиена е општата подвижност на локомоторниот апарат и координирано се движи. | Има усвоено термини од областа на атлетиката. | Ги има развиено големите мускулни групи на рацете, трупот, карлицата и нозете. |
| Прецизно фрла. | Има развиена способност за општа подвижност на локомоторниот апарат и координирано се движи во просторот. | Ја користи техниката на отскокнување и доскокнување (од место и со затрчување. | Учествува во игра со елементи од атлетиката. | Ги има развиено психомоторните способности и подвижноста на локомоторниот апарат. |
| Искажува позитивни емоции и однесување во дружење и групна реализација на задачи во игра. | Ја користи техниката на отскокнување и доскокнување (со залет, односно со затрчување). | Ги има совладано техниките на фрлање и фаќање и прецизноста | | Умее да ги примени техниките: скокање „ножици“ и „згрчна“ техника. |
| | Ги знае техниките на правилно фрлање и | Умее да изведува движења по | | Учествува во игри со елементи на атлетика. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | фаќање. | надолжната оска на своето тело и ја увежбува рамнотежата на телото. | | |
| | Има развиена координација на локомоторниот апарат при фрлање и фаќање на топчиња. | | | |
| | Умее да ја развива прецизност. | | | |
| **Тема: Основи на гимнастиката** | | | **Тема: Гимнастика и ритмика** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Се движи со целото свое тело во просторот. | Умее правилно да лази и да се тркала околу надолжната оска на лева и десна страна. | Умее вешто да ползи и да се тркала околу надолжната осовина на лева и десна страна. | Умее да увежбува и совладува нови гимнастички и ритмички елементи за развивање на способноста на локомоторниот апарат и координација во просторот, како и чувството за управување со телото во просторот. | Ги има совладано координацијата и вештините за движење на телото во просторот, гимнастичките и ритмичките елементи и комбинации на партер, на справите и во изведувањето на комплексите вежби. |
| Умее да вежба за јакнење на големите | Покажува координација на движењето на | Има развиена координација во | Умее да увежбува движења на партер во | Се движи во склад со ритамот и музиката. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| мускулни групи на трупот. | партер во различни положби на телото. | просторот и чувството за движење на партер. во различни положби на телото | различни положби на телото; движења на телото во целина во просторот и да ја развива координацијата. | |
| Прави вежби за естетско и елегантно држење на телото и делови од него. | Умее да се движи со завртувања | Правилно се движи со завртување. | Изведува вежби за воведување во ритмиката. | Покажува дека е развиена силата и подвижноста на големите мускулни групи. |
| Има елементарни знаења ва да го одржува здравјето и компактноста на локомоторниот апарат. | Ја има совладано техниката на правилно дигање и носење. | Ја има увежбано техниката на правилно дигање и носење. | Умее да ги користи гимнастичките справи и основите на ритмиката. | Применува естетско и елегантно држење на телото и делови од него. |
| Се движи во одреден правец. | Умее да ја вежба техниката за заедничко носење на предмети. | Ја користи техниката на заедничко носење на предмети. | Правилно се движи со завртување. | Применува термини од гимнастиката и ритмиката. |
| Изведува вежби за развивање рамнотежата, перцептивните и вестибуларните способности. | Умее да изведува вежби за развивање силата и подвижноста на големите мускулни групи. | Покажува дека е развиена силата и подвижноста на големите мускулни групи. | | |
| | Изведува вежби за | Покажува дека умее | Естетски и елегантно го | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | воведување во естетско и елегантно држење на телото и делови од него. | естетски и елегантно да го држи телото и неговите делови. | држи телото и неговите делови. | |
| **Тема: Игри** | | | **Тема: Основи на танците** | **Тема: Танци** |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| Учествува во игри. | Учествува во игри. | Ја знае функцијата на правилата на игрите. | Изведува вежби за усогласување на психомоторните вештини со ритамот на музиката. | Умее да игра танци од народното и модерното творештво |
| Ги почитува правилата на игрите | Ги знае и ги почитува правилата на игрите. | | Умее да игра во склад на ритамот на музиката. | Учествува во  групна изведба. |
| При игри покажува елементи на снаодливост, одговорност, издржливост, правилна и навремена реакција итн. | Умее да изведува вежби за  психомоторните вештини: брзина, снаодливост, издржливост, правилна и навремена реакција, еластичност и др. | Покажува психомоторни вештини: брзина, снаодливост, издржливост, правилна и навремена реакција, еластичност и др. | Умее да го одржува телото и однесувањето сообразено со колективното движење. | Умее да го одржува телото и однесувањето сообразено со групното движење. |
| Почитува правила на игра, помага, соработува, комуницира и ги реализира поставените задачи. | Помага, комуницира и дисциплинирано реализира поставени задачи. | Помага, соработува, комуницира и дисциплинирано реализира поставени задачи. | Се  движи и игра во просторот. | Има развиени способности за движење и игра во просторот. |
| Искажува емоции во натпреварите, дава | Покажува способност за контролирано | Има развиена способност за | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| поддршката на својата екипа – навивање | однесување и искажување на емоциите во натпреварите, култура во поддршката на својата екипа – навивање. | контролирано однесување и искажување на емоциите во натпреварите и како учесник-натпреварувач и како навивач. | | |
| Усогласува ритам со моторика. | | Игра во сообразност на ритамот на музиката. | | |
| | | | **Тема: Основи на спотски игри - кошарка** | |
| | | | Изведува вежби за совладување на елементите од кошарката. | Покажува дека ги има увежбано и совладано елементите од кошарката. |
| | | | Покажува вежби за развивање подвижноста на локомоторниот апарат со топка. | Покажува дека ја има увежбано подвижноста на локомоторниот апарат со топка (осетливост, координација). |
| | | | **Тема: Одбојка** | |
| | | | Знае кои се  елементите од основите на одбојката. | Покажува дека ги има совладано елементите од основите на одбојката. |
| | | | Покажува дека соработува, знае што се | Соработува, манифестира елементи на колективниот и спортскиот дух. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | колективен и спортски дух. | |
| | | | Игра со топка. | Ги покажува способностите за игра со топка. |
| | | | **Тема:Ракомет** | |
| | | | Знае кои се основните елементи од ракометот: техника на ракометно фрлање – додавање и примање – фаќање на топката. | Покаува дека ги има совладано основните елементи од ракометот: техника на ракометно фрлање – додавање и примање – фаќање на топката. |
| | | | Знае што е ракометен шут во гол. | Изведува ракометен шут во гол. |
| | | | **Тема: Фудбал** | |
| | | | Знае што сеелементи од фудбалот. | Покажува дека ги има совладано елементите од фудбалот. |
| | | | Има сознанија за улогата на моториката поврзана со елементите со топка, слободно водење и движење со топка. | Знае која е улогата на моториката поврзана со елементите со топка, изведува слободно водење и движење со топка. |
| | | | Ја знае техниката на додавање на топката и шутирање во гол. | Ја применува техниката на додавање на топката и шутирање во гол. |

<u>Творештво</u>

| | | | Тема: Говорно творештво | Тема: Говорно творештво |
|---|---|---|---|---|
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Може да предлага идеии да учествува во планирањето и донесување то на годишниот план за творештво на својата паралелка.<br><br>Покажува способност за драмско читање на текст.<br><br>Учествува во драматизирање на краток текст. | Може да предлага идеи и да учествува во планирањето и донесувањето на годишниот план за творештво на својата паралелка.<br><br>Умее да собира неколку видови народни творби и на свој начин да го претставува народното творештво. |
| | | | Умее да опишу ва личност, предмет, слика. | Самостојно составува нов текст инспириран од понудена слика.<br><br>Може да состави необични прашања за омилената личност. |
| | | | Составува пригоден текст за честитка. | Составува свој текст за честитка, покана, постер, плакат, благодарница и ги претставува пред другите. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Може да твори според водена дискусија.<br><br>Умее да собира неколку видови народни творби и да ги напише во посебна книга. | |
| | | | Може да напише (прошири) текст според сопст вена замисла.<br><br>Сопствените чувства и размислувања ги преточува во текст. | Пишува текст според сопствена замисла и го претставува пред другите.<br><br>Сопстввените чувства и размислувања самостојно ги преточува во текст. |
| | | | Со внимание може да следи игран филм за деца и театарска претстава.<br><br>При следење на театарска претстава ја воочува сцената, предметите на сцената, костумите, звуците, музиката.<br><br>Може да состави нов текст инспириран од филм или театарска претстава. | Учествува во драматизирање на краток текст.<br><br>Може да составува кратки текстови за драматизации. |
| | | | Умее да напише текст по сопствен избор на тема за која сака да пишува за училишниот весник или некое детско списание. | Учествува во создавање на училишно списание. |
| | | | Умее да напише стихувана творба. | Учествува во заедничко, групно создавање книга применувајќи ги веќе стекнатите знаења.<br><br>Знае што е алманах и неговото значење како вид книга за зачувување на спомените.<br><br>Учествува во создавање алманах. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Умее да осмисли и создаде краток стрип. |
| | | | **Тема: Музичко творештво** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Може импровизирано да пее. | Може да ја изрази својата музичка мисла преку пеење или свирење на некој инструмент кој го познава, согласно своите можности и способности. |
| | | | Може да избере музички творби за сопствените драматизации и претстави. | Умее да  направи аматерски тонски запис на сопствената музичка мисла. |
| | | | Ги истражува звучните својства на различни материјали и може да создаде мелодија на одредена тема. | Учествува во  во заедничко музицирање. |
| | | | **Тема:Музика и движење** | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Умее да ги усовршува веќе совладаните елементи при создавање на своја едноставна кореографија. | Ги поврзува елементите во склад со ритамот.<br><br>Ги усовршува основните чекори и начини на движења и ги модифицира, согласно своите можности. |
| | | | | Има сознанија за патот на творење на музичко сценско дело.<br><br>Изведува ритмички и грациозни движења усогласени со различни видови на музика. |
| | | | | Учествува во танцови драматизации. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | Тема: Ликовно творештво | |
| **Прво одделение** | **Второ одделение** | **Трето одделение** | **Четврто одделение** | **Петто одделение** |
| | | | Умее да го користи цртачкиот материјал за да нацрта нешто според своја замисла. | Вешто да ги применува цртачките техники по сопствен избор, при реализација на своите замисли. |
| | | | Умее да применува сликарска техника по свој избор при реализација на својата замисла. | Вешто да ги применува сликарските техники по сопствен избор при реализација на својата замисла. |
| | | | Истражува и открива својства на нестандардни ликовни ма теријали за цртање и сликање и тие знаења ги користи при сопственото ликовно изразување. | Ликовно се изразува преку цртање и сликање со нестандардни ликовни материјали. |
| | | | Истражува и открива својства на различни материјали што можат да се преобликуваат во разни форми.<br><br>Умее на различни начини да претставува тродимензионален простор во соодветен сооднос. | Знаењата за својствата на различни материјали ги користи за нив да ги преобликува во разни форми.<br><br>Осмислува различни начини да претставува тродимензионален простор во соодветен сооднос и својата замисла ја реализира. |
| | | | Умее да користи техники на применетата уметност во работата со различ ни материјали и изработува различни предмети што имаат и естетски квалитети. | Знаењата за елементите и техниките на применетата уметност ги применува за да изработува, по своја замисла, различни предмети што имаат и ес тетски квалитети. |

### Дидактички препораки

Прилагодената наставна програма за за учениците од прво до петто одделение во основното образование е наменета за образование на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование.

Појдовна основа за изработка на Прилагодената наставна програма за за учениците од прво до петто одделение се редовните наставни програми за наставните предмети по: *македонски јазик, математика, природни науки, општество, ликовно образование, музичко образование, физичко и здравствено образование, техничко образование, работа со комјутер и основи на програмирање, англиски јазик и творештво (изборен предмет).* Изработена е по развојни периоди и одделенија, во кои се дадени очекуваните резултати структурирани по теми/програмски подрачја.

Зависно од покажаните резултати при проверката на знаењата ученикот/ученичката се запишува во едно од петте одделенија, а наставникот ја реализира Прилагодената наставна програма за конкретнтото одделение со конкретниот/а ученик/ученичка. Тој изработува индивидуализирана програма за работа, затоа што секој/а ученик/ученичка е на различна хронолошка возраст, има помалку или повеќе (или воопшто нема) посетувано училиште, има различни знаења стекнати во комуникација со возрасни лица и други деца, различни интереси, можности и способности и различно животно искуство. На крајот на учебната година треба да бидат постигнати очекуваните резултати во наставните предмети од Прилагодената наставна програма за конкретнтото одделение од страна на ученикот/ученичката.

Неопходно е рационално да се планираат активностите на овие ученици во рамките на секоја наставна тема/програмско подрачје со флексибилна организација на часовите и поттикнување на индивидуалните активности на учениците со надмината возраст. Добро е при планирањето на часовите наставникот да го/ја вклучува и ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, за да може максимално да се искористат претходните знаења, животните искуства, интересите, стилот на учење на ученикот/ученичката, а со тоа, од друга страна, ученикот/ученичката ќе има поголема внатрешна мотивација за учење.

При планирањето на наставата се почитува принципот на актуелизација во наставата, се користат актуелните настани и ситуации во паралелката (на пр. различни случки во паралелката што ќе бидат повод за разговор, изнесување мислење и нудење на правично решение и сл.), а повод за разговор, дебата може да биде искуството на ученииникот/ученичката надвор од училиштето. Преку систематизирање, дополнување и реструктурирање на искуствените знаења на учениците и нивното доведување во врска со научните сознанија, знаењата се надградуваат, проверуваат и применуваат.

Најефикасни методи на учење за реализација на прилагодената наставната програма по *македонски јазик* се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини, што значи дека секој ученик/ученичка треба да се опушти и активно да учествува во говорните вежби, игрите, вежбите за артикулација и дискриминација на гласовите (за прво одделение). Исто така, неопходна е активната улога на ученикот/ученичката во активностите за: усвојување на печатните и ракописните кирилски букви, правилно читање и пишување, читање со разбирање (што е од исклучителна важност за постигнување на резултатите од учење во сите наставни предмети), читање и пишување текст со печатни и ракописни латински букви, самостојно искажување на своите мисли, доживувања, чувства и факти, структурирано усно и писмено изразување, усвојување поими и правила од граматиката, правоговорот и правописот на македонскиот стандарден јазик, збогатување на речникот, говорно творештво, следење информации од различни медиуми и пренесување кратки информации од нив, оспособување за основна анализа на прозно и поетско дело; пишување текст на зададени теми; основни поими од областа на театарската и филмската уметност, развивање на чувство за припадност кон својата и почит кон другите кутури, и сл. Нагласуваме дека наставникот треба да ги поврзува содржините од предвидените програмски подрачја (на пр. содржините од подрачјето Јазик може да се поврзат со содржини од подрачјата Литература, Изразување и творење и Медиумска култура).

Во наставата по *математика* учениците со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование стекнуваат математички знаења и вештини неопходни за разбирање на законитостите во природата и општеството што ќе ги применуваат во секојдневниот живот и практика, го формираат и развиваат научниот поглед на светот, го развиваат логичкото мислење, апстрактното мислење и математичката интуиција, а од друга страна, се развиваат позитивните особини на личноста како што се: упорност, систематичност, точност, одговорност, смисла за самостојна работа, критичност и др. Наставникот, за да овозможи ефикасно учење на прилагодената наставна програма по *математика*, треба особено да обрне внимание на следново: математичките содржини на самиот почеток се апстрактни, па затоа тој треба добро методички да ги преработи и постојано да ги поврзува со реалноста, за да ги доближи на учениците; математичките содржини меѓусебно се тесно поврзани, така што нецелосното разбирање на еден дел од содржините доведува до неразбирање на сите содржини што на нив се надградуваат; се става особен акцент на учењето преку примена во проблемски ситуации, комуникацијата, развивање на мисловните процеси, наместо да се преоптоварува помнењето на учениците/ученичкатате со голем број на факти и задачи треба да се буди и активира неговото/нејзиното мислење; програмските содржини од *математиката* наставникот треба тесно да ги поврзуваат со животот и на ученикот/ученичката да им дава интересни и задачи што се предизвик за него/неа. Во интерактивната настава/учењето за реализација на прилагодената наставна програма по *математика* централно место зазема активноста на ученикот/ученичката, а улогата на наставникот е да го насочи, поттикне и научи како да учи. Зад секоја активност на ученикот/ученичката неопходна е повратната информација од страна на наставникот, односно, оценка на правилната работа и резултатот до кој дошол/а, затоа што тоа е докажана психолошка потреба на секој поединец. Интеракцијата подразбира активен однос и помеѓу учениците. Учениците учат

поефикасно кога им помагаат на другите, а повеќе напредуваат кон самостојно учење кога примаат минимална помош од другите. При разменувањето на своите идеи тие вербално комуницираат, ги разменуваат искуствата, се потсетуваат на усвоените концепти додека го согледуваат проблемот.

Прилагодената наставна програма по *природни науки* има четири содржински области: научно истражување, биологија, хемија и физика. Научното истражување опфаќа разгледување на идеи, процена на докази, планирање на истражувачка работа и евидентирање и анализа на податоци. Научното истражување ги зајакнува биологијата, хемијата и физиката, кои, пак, се фокусирани на развивање самодоверба и интерес за стекнување научно знаење. На тој начин ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование усвојува знаења и вештини неопходни за разбирање на законитостите во природата и свеста за околината, делумно за историјата на природните науки, а, исто така, кај него/неа се формира и развива научниот поглед на светот, логичкото и апстрактното мислење, упорноста, систематичноста, точноста, одговорноста, критичноста и др. За реализација на Прилагодената наставна програма по *природни наук*и наставникот треба постојано да организира и спроведува истражувачки активности за да ученикот/ученичката активно се воведува во научното истражување, да не го/ја оптоварува со напамет научени факти, туку да му/ѝ овозможи искуствено да стекнува квалитетни знаења, што во погорните одделенија ќе ги проширува и продлабочува. На ученикот/ученичката треба да биде овозможено секогаш кога е можно непосредно да манипулира со растенија, инсекти од непосредната околина (или нивни модели), семиња, материјали, карпи, магнети, извори на звуци и сл., за да ги воочува нивниот изглед и карактеристиките, да споредува, наоѓа сличности и разлики, да групира итн. Наставникот ќе ги користи претходно усвоените знаења и искуства на ученикот/ученичката стекнати во различни животни ситуации (со оглед на нивната возраст) и ќе ги поврзува со поставените цели на часовите. Исто така, наставникот треба да користи различни наставни средства (фотографии, дигитални содржини, модели на човечко тело и др.) за ученикот/ученичката ефктивно и ефикасно да ги  постигне резултатите од учење.

За ефикасна реализација на Прилагодената наставна програма по *општество* наставникот започнува со организираните активности што му овозможуваат на ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование најпрвин да се спознава себе си, да ја истакнува својата индивидуалност и своите силни страни, затоа што за овие ученици е многу важно поттикнувањето и развивањето на самодовербата. Секако, наставникот организира и активности за ученикот/ученичката да ги запознае соучениците, да ги прифаќа и почитува различностите и правата на другите соученици, да учи како да живее заедно со другите, да бара и да нуди помош на другите, да соработува со нив и да се чувствува прифатен/а, дека припаѓа на паралелката и на своето училиште. Учествувајќи во дидактичките игри и со користење на разновидни средства и материјали, учениникот/ученичката искуствено доаѓа до сознанија и ја запознава општествената средина.  Започнува со изучување на непосредното опкружување, простор најблизок за учениците (домот), а потоа тој постепено се проширува во различни форми на заеднички живот (училиштето, најблиската непосредна средина, општината, државата).

Примената на наученото го поддржува натамошниот развој на на ученикот/ученичката, придонесува за создавање на неговиот/нејзиниот одговорен однос кон себеси и светот што го/ја опкружува и му/ѝ овозможува успешна интеграција во современите токови на животот.

*За* успешна реализација на Прилагодената наставна програма по *физичко и здравствено образование* наставникот, на самиот почеток, за ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование треба да направи снимање на психофизичкиот статус, за да може да изработи индивидуализирана програма согласно неговите/нејзините моторички способности, здравствената состојба, интересот за одредени спортски активности и сл.  Секогаш кога е можно, овие часови треба да се реализираат на отворено. Секој/а ученик/ученичка треба да се поттикнува да постигне најмногу што може,а не да се следи однапред дали е остигнат утврдениот стандард. Наставникот треба посебно внимание да посвети на вклучување на секој ученик/ученичка во групните спортски активности. Мотивирањето на ученикот/ученичката треба да се прави на афирмативен начин, при што се вреднуваат поединечните постигања на секој/а од нив, како нејзин/негов личен рекорд.

Во рамките на Прилагодената наставна програма по *ликовно образование* ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование се стекнува со знаења, вештини и ставови за цртање, сликање, печатење, графика, моделирање, дизајн и визуелни комуникации, како и за ликовните истражувачки активности. Соодветно на претходните знаења и вештини, како и интересот на ученикот/ученичката наставникот изработува индивидуализирана програма. Најефикасни методи на учење во наставата по *ликовно образование* се оние кои ученикот/ученичката го/ја става во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Тоа значи дека секој ученик/ученичка треба да се опушти и активно да учествува, пред сè, во запознавање на средствата и материјалите за  цртање, сликање, печатење, моделирање и обликување и нивното правилно користење. Потоа, користејќи ги своите знаења, учениците ќе можат креативно да се изразуваат на различни теми. Ликовните творби на ученикот/ученичката што ги изразуваат највисоките лични достигнувања, а изработени преку различни ликовни техники, наставникот треба да ги изложува во делот од училницата наменет за тоа, како и во холовите и заедничкиот простор по повод некоја прослава во основното училиште.

Прилагодената наставна програма по *музичко образование* ги има следниве теми: изведбени активности, слушање музика, музичка писменост, и народно музичко творештво. Како за останатите, така и за успешна реализација на оваа Прилагодена наставна програма, наставникот најпрвин изработува индивидуализирана програма за ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование согласно неговите/нејзините знаења, стекнати вештини, можности, спсобоности и интереси за музиката. Ученикот/ученичката треба активно да учествува во сите планирани активности за пеење, свирење на ДМИ, изведба на танц, народни ора, музички игри и драматизации, слушање на различни музички дела, како и во активности за стекнување на основите на музичката писменост. Доколку ученикот/ученичката има претходно стекнати знаења и вештини и интерес за некоја област во доменот на

музиката, треба да соработува и им помага на соучениците, а наставникот да го/ѝ  вклучува во музички точки по повод некоја прослава во основното училиште, во училишниот  хор или оркестар.

За успешна реализација на Прилагодената наставна програма по *Работа со комјутер и основи на програмирањето* наставникот, на самиот почеток, треба да ги согледа претходните знења и вештини за ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, за да може да изработи индивидуализирана програма. Неопходно е основното училиште да обезбеди компјутер/лаптоп за да може ученикот/ученичката активно постапно информатички да се описменува. Наставникот најпрвин постапно го запознава ученикот/ученичката со компјутерот, неговите делови и можности за работа, го/ја оспособува за основно работење со графика и текст, за користење на Интернетот, а потоа го/ја воведува во поимите за алгоритам и програма, за да се овозможи алгоритамско размислување преку игра и оспособување за почетни чекори во програмирањето. Стекнатите вештини ученикот/ученичката дополнително ќе ги развива и применува и на другите часови од другите наставни програми. На ученикот/ученичката наставникот не нуди секогаш конкретни и готови решенија, туку го/ја поттикнува слободно да се изразува, почитувајќи ги неговите/нејзините индивидуални способности, можности и интереси.

Реализацијата на Прилагодената наставна програма по *техничко образование* овозможува ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование да: се оспособува за примена на основните техничко технолошки знаења, умеења и навики во учењето, работата и секојдневниот живот, ги проширува сознанијата за патот од идеја до реализација,  развива интерес и способност за техничко творештво (составување на модели и макети од готови елементи по сопствена идеја), ги проширува и открива сознанијата за својствата на материјалите, се оспособува за набљудување, опишување и споредување на предмети и појави во техниката и технологијата, ги проширува знаењата и умеењата за безбедно движење во сообраќајот и развива култура на однесување во сообраќајот. Наставникот најпрвин изработува индивидуализирана програма за ученикот/ученичката врз основа на согледувањата за неговите/нејзините знаења, стекнати вештини, можности, способности и интереси за техниката и технологијата, за да може да ги планира конкретните цели и резултатите од учење. Ученикот/ученичката секогаш треба да биде во активна позиција во процесот на стекнување на знаења и вештини. Дел од планираните цели наставникот може да реализира во интеграција со ликовно образование, математика, природни науки и општество. Доколку ученикот/ученичката има претходно стекнати знаења и вештини, треба да му/ѝ се овозможи да соработува и им помага на соучениците. Наставникот најдобрите творби на ученикот/ученичката (скица, технички цртеж, макета и сл.) ќе ги изложува во делот од училницата наменет за тоа, како и во холовите и заедничкиот простор на училиштето.

Ефикасната реализација на Прилагодената  наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод, максималното почитување на холистичкиот приод при реализација на наставните часови за еден

наставен ден. Тоа значи дека при планирањето на часовите за конкретен наставен предмети максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со програмските содржини од другите наставни предмети.

Во секојдневната работа наставникот креира интересни активности преку различни ситуации преку кои учениците стекнуваат знаења, развиваат способности и вештини и усвојуваат ставови. Често треба да се организираат активности за решавање проблемски ситуации коишто доведуваат до когнитивен конфликт и го поддржуваат развојот на мисловните процеси кај ученикот/ученичката. Исто така, треба да се овозможува учество на учениникот/ученичката во различни социјални активности за заедничко решавање на задачи.

Наставникот при изборот на методите и дидактичките постапки е потполно самостоен,особено што најдобро го/ја познава ученикот/ученичката со надмината возраст кој/а е вклучен/а во наставата. Исто така, поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да се овозможи на ученикот/ученичката со надмината возраст да прави избор на различни активности и содржини согласно со сопствените интереси. Најчесто користени методи на учење во наставата по *општество* треба да се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење.

Во однос на организационите форми на работа најчесто ќе се применува индивидуалната работа, но понекогаш, зависно од целите на активностите, ќе се организира работа во парови и работа во мали групи (разговори, играње на улоги и сл). Понекогаш во работилниците во помали групи ќе дојде до израз претходното искуство и знаења на учениците со надмината возраст, такашто од нив ќе можат нешто да научат помладите соученици (на пр. за некои стопански и нестопански дејности во локалната заедница, традицијата и културното наследство на својата и другите заедници во родниот крај, иселеништво, миграција и сл.).

Поставените цели ќе се реализираат најчесто во наставниот процес во училиштето, а би можело и да се организираат излети и набљудувања во непосредната околина, особено ако треба да се набљудуваат различни институции во околината, релјеф, растенија, живорни во непосредната околина и сл.

За ефикасна и ефективна реализација на Прилагодената наставна програма неопходно е користење на учебници, дидактички средства и материјали, слики, апликации, фотографии, образовни софтвери, модели, макети, енциклопедии, манипулативи за постигнување на резултатите од математиката, алатки за истражувачки активности, списанија, географска и релјефна карта на нашата држава и др.

Во текот на наставата наставникот редовно ги следи и вреднува постигањата ученикот/ученичката со надмината возрасна граница за вклучување во соодветното одделение на основно образование, прибира показатели за нивните активности, мотивираноста за учење,

соработката со другите и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот/ученичката-дијагностичко оценување. Наставникот секојдневно го/ја набљудува ученикот/ученичката, разговара со него/неа, го следи развојот на самодовербата, интересите, активностите, соработката и почитувањето на соучениците и другите вработени во училиштето, при што користи листа за набљудување, евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај; изработки (поединечни, групни), а за учениците запишани во четврто или петто одделение-контролни работи,тестови на знаења; примена на листи за аналитичко оценување на истражувачки активности (планирање на работата, способности за истражување, способности за прибирање и обработка на податоци и др.).Во текот на учебната година наставникот ја внесува микросумативната описна оценка на ученикот/ученичката, а на крајот на учебната година сумативната завршна оценка (описна за прво до трето одделение и бројчана годишна оценка за учениците од четврто и петто одделение) како автентичен запис за постигањата на секој/а ученик/ученичка.

| | |
|---|---|
| **Институција/ носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната Програма** | бр. 12 – 15308/2<br>**31.12.2020 година**<br><br>МИНИСТЕР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА<br><br>_____________________<br>**Мила Царовска** |
| **Датум на ревизија** | |